**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО - СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2402-38/10 од 22.1.2014 год. донесена на 99. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 22.1.2014 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *лектор* за наставно-научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во состав:

- доцент д-р Марија Кусевска, доцент за наставно-научната област англистика, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
- доцент д-р Нина Даскаловска, доцент за наставно-научната област методика на наставата по англиски јазик, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
- проф. д-р Билјана Ивановска, вонреден професор за наставно-научната област германистика, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Коха“ на 25.12.2013 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатките: м-р Весна Продановска - магистер по англиска филологија, вработена како асистент по англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и м-р Афродита Николова – Master of Philosophy (според програмата на Универзитетот во Кембриџ; при предавањето на документите дипломата била во процес на нострификација).

Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. М-р Весна Продановска**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Весна Продановска** е родена на 21 јануари 1979 година во Битола. Со основно и средно образование се стекнува во Битола, Гимназија „Јосип Броз Тито“ - Битола. Во учебната 1999/2000 година се запишува на Филолошкиот факултет во Благоевград, Универзитет „Неофит Рилски“, Република Бугарија, група Англиска филологија, а дипломира во април 2004 година и се стекнува во звање дипломиран професор по англиски јазик. Веднаш потоа се запишува на магистерски студии при истиот универзитет и ги завршува во 2006 год., како прв магистрант во генерацијата со магистерскиот труд со наслов „Стилистичките фигури на културната репрезентација во АРАБИ од Џејмс Џојс“. Во меѓувреме работи привремено како наставник по предметот Англиски јазик во основно училиште во Битола, а исто така и како професионален преведувач и толкувач во полициската мисија на Европската унија - ПРОКСИМА. Се здобива со правото овластен судски преведувач од македонски на англиски и бугарски јазик во 2005 год. Притоа работи постојано на разна документација и симултан превод на трите јазика.

Преведува бројна стручна литература и работи на многу конференции и семинари од разна тематика како симултан преведувач. Докторски студии запишува во 2011 год. на Софискиот универзитет „Климент Охридски“ - Софија, Р. Бугарија на Факултетот за класични и модерни филологии, а истите моментално се во завршна фаза.

Учествува на бројни конференции надвор од Р. Македонија и е автор на повеќе стручни трудови во разни списанија во земјава и во странство.

***Наставно - образовна активност и научноистражувачка дејност***

Своето работно искуство во наставата го започнува во 2006 год. кога се вработува во „Њујорк универзитетот“ во Скопје како лектор по англиски јазик и предава на Факултетот за англиски јазик и литература. Од 2008 год. па до денес работи како асистент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и предава Фонетика и фонологија на англискиот јазик и Современ англиски јазик, а предавала и Синтакса на англискиот јазик и Морфологија на англискиот јазик.

Во текот на своето работење на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатката м-р Весна Продановска мошне успешно ги извршува своите работни обврски и држи вежби по предметите: Англиски јазик 1, 2, 3, 4 како изборен странски јазик на Факултетот за туризам и бизнис логистика, а исто така и Англиски јазик како универзитетски изборен предмет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“.

***Учество на обуки и конференции***

1. 19-20 јуни 2009 г., 5. Меѓународен симпозиум „Технологија, информатика и образование“, Факултет за технички науки, Универзитет во Нови Сад, Нови Сад, Р.Србија.
2. Октомври 2009 г., Конгрес за применета лингвистика, Филозофски факултет, Универзитет во Нови Сад, Р. Србија.
3. 9-11 април 2010 г., Меѓународна конференција на Универзитетот Југоисточна Европа, Тетово, Македонија.
4. 23-25 март 2011 г., 3. Симпозиум за хрватско-македонски културни и литературни врски, Риека, Филозофски факултет, Универзитет во Риека, Р. Хрватска.

***Работа со проекти***

1. 2009 г., „Е-учење и користење на ИКТ алатки во наставата“ – Fulbright Specialist Program (учесник).

***Објавени научни и стручни трудови***

***Статии, трудови***

Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna (2009) *Providing quality of the business processes through motivation and establishing an efficient communication with the employees*. Economic Development, 3 (3). pp. 139-155.

1. Vesna Prodanovska, E. Mitreva: EMPLOYEES’ CONTENTMENT - A KEY FACTOR WHILST DESIGNING AND PROJECTING OF TQM SYSTEM WITHIN MACEDONIAN EDUCATIONAL *Symposium: Social Sciences and Humanities: Between theory and practice, T*imisoara, Romania, May, 2011.
2. Vesna Prodanovska,Tatjana Ulanska Jezici u kontaktu i primenjena lingvistika-Intruded Bilingualism, *Kongres za primeneta lingvistika, Univerzitet vo Novi Sad, R. Serbia* Oktomri 2009 (во печат)

Vesna Prodanovska, Prednost poznavanja engleskog jezika u procesu korišćenja interneta što kasnije vodi internet plagijatorstvo, V Medunarodni Simpozijum ‘Tehnologija, Informatika i Obrazovanje za Drustvo Ucenja I Znanja’, Novi Sad, 19.06-20.06.2009 http://www.cnti.info/downloads (Zbornik Tom 1 strana 353)

Prodanovska Vesna. **Ulanska T.,** (2009): ‘Application of Information-Communication Technology in the Educational Institutions in Macedonia’. V Medunarodni Simpozijum ‘Tehnologija, Informatika i Obrazovanje za Drustvo Ucenja I Znanja’, Novi Sad, 19.06-20.06.2009: http://www.cnti.info/downloads (Zbornik Tom 2 strana 185)

**Vesna Prodanovska** and John Enrico, *Teaching English Rhythms and Intonation to Macedonian L1s, International Conference at SEEU;* FROM TEACHING TO LEARNING: CURRENT TRENDS IN ELT will be held in Tetovo, Macedonia, 9-11 April, 2010. http://www.seeu.edu.mk/files/ConfrenceProgram4-2010.pdf

***Поглавја од книга***

Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna (2013) *The Management Teams are a Unique Business Potential that can Initiate, Identify and Manage Change within the Organization*. In: Applied Social Sciences: Administration and Management. Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne, UK, pp. 57-65. ISBN (10): 1-4438-4425-X / (13): 978-1-4438-4425-3

Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna (2011) *Applying the TQM (total quality management) strategy of Macedonian higher education institutions. In: Academic Days of Timişoara: Social Sciences Today. Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne, UK, pp. 28-42. ISBN (10): 1-4438-3335-5, (13): 978-1-4438-3335-6*

Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna (2011) *Employees' contentment - a key factor whilst designing and projecting of TQM system within Macedonian educational institutions. In: Academic Days of Timişoara: Social Sciences Today. Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne, UK, pp*. 22-28. ISBN (10): 1-4438-3335-5, (13): 978-1-4438-3335-6

Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna (2010) *Active learning - a condition for continuous improvement of Macedonian institutions*. In: Social Sciences Today. Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne, UK, pp. 120-131. ISBN (10): 1-4438-2405-4, (13): 978-1-4438-2405-7

Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna (2010) *Designing and implementing an educational subsystem as a component of the house of quality*. In: Social Sciences Today: Between Theory and Practice. Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne, UK, pp. 131-140. ISBN (10): 1-4438-2405-4, (13): 978-1-4438-2405-7

***Конференции, семинари, работилници***

Prodanovska, Vesna and Mitreva, Elizabeta (2012) *Incorporation, authorization and encouragement of the employees in order to improve the quality of the educational process*. In: Two decades of academic teaching, 18-19 June 2012, Timişoara.

Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna (2011) *Competitiveness among Macedonian companies*. In: International conference - Process Technology and Environmental Protection (PTEP 2011), 7 Dec 2011, Zrenjanin, Serbia.

Mitreva, Elizabeta and Prodanovska, Vesna and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Angelkova, Tanja (2011) *Measuring business outcomes within Macedonian travel companies*. In: Contemporary trends in tourism and hospitallity, 29-30 Sept 2011, Novi Sad, Serbia.

Mitreva, Elizabeta and Jakovlev, Zlatko and Prodanovska, Vesna and Koteski, Cane (2011) *Application of methods and techniques of quality in the continual improvements and development of the process within the Macedonian travel companies*. In: Scientific conference with international participation, Opportunities and problems for the development of alternative forms of tourism in small villages, 14-16 March 2011, Plovdiv, Bugarija.

Mitreva, Elizabeta and Chepujnoska, Violeta and Prodanovska, Vesna (2009) *TQM strategy in the designing of an quality system in the agribusiness*. In: International conference, Tsenov Academy of Economics, 4-6 Nov 2009, Svishtov, Bulgaria.

2. **М-р Афродита Николова**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Афродита Николова** е родена на 30 март 1989 година во Штип. Во 2011 год. Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Катедра за англиски јазик и книжевност (наставна насока) при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во 2011 год. добива стипендија од Министерството за образование на РМ за посета на постдипломски студии на Универзитетот во Кембриџ, на Факултетот за образовни науки (насока: Уметности, креативност, образование и култура). Овие студии ги завршува на 23 септември 2013 год. Со изработка на магистерски труд на тема „Интеракцијата на универзитетските студенти со книжевниот текст *Венецијанскиот трговец* од Шекспир во македонскиот контекст на етнички тензии“.

***Наставно - образовна активност и научноистражувачка дејност***

По завршувањето на додипломските студии во 2011/2012 година, Николова работела како професорка по англиски јазик во училиштето „Ленгвич планет“ во Скопје, каде што има можност да соработува со повеќе возрасни групи. Се стекнува и со диплома за вршење обука за меѓународните тестови (TOEFL;TOEIC) за познавање на академски и деловен англиски јазик. Од септември 2011 година е уредник на книжевниот додаток „Ш“, независно/непрофитно студентско списание на граѓанската организација „Излез“ - Скопје.

***Студиски престои во странство***

Во периодот од октомври 2012 до октомври 2013 година, Николова престојува во Кембриџ, Велика Британија. Во тој период посетува постдипломски студии на Универзитетот во Кембриџ, коишто успешно ги завршува. Во септември 2007 година посетува јазичен курс по англиски јазик, напредно ниво, во училиштето „Милнер“ во Лондон, Велика Британија.

***Објавени научни и стручни трудови***

Афродита Николова има објавувано литературни критики и статии во студентските списанија „Варсити“ (Varcity), Кембриџ, во „Кембриџ студент“ (ТЦТ), Кембриџ, во невладино списание поддржано од Европскиот центар CH 7 и Центарот за образование и развој, во поетски списанија во земјава и во странство (Англија, Австралија, Велика Британија и др.)

Таа објавила и своја збирка поезија „Омајнина“ (Менора, Скопје, 2010). Во процес е објавувањето на нејзин апстракт од магистерскиот труд по образование, преглед на истражувачки проекти, од Конференцијата за посттдипломски истражувања од студенти „Калеидоскоп“, Факултет за образование, Универзитет во Кембриџ.

***Проекти***

2013 (февруари/мај) –организатор на настанот „Уметнички калеидоскоп“ во склоп на Конференцијата за постдипломски истражувања од студенти „Калеидоскоп“, Факултет за образование, Универзитет во Кембриџ;

2013 –учесник на две поетски читања од проектот „Трешхолдс“ (Thresholds) организиран од поетесата Керол Ен Дафи, Музеј за археологија и антропологија, Кембриџ;

2012 (август/септември) – раководител на работилница по Креативно пишување, Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;

2012 (ноември/декември) –раководител на Креативни работилници, Академски клуб, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Презентации/конференции***

2012 – Говорител на тема „Младите и образованието“ на конференцијата за Европска иднина, ЕУ инфо центар;

2013 – Конференција за постдипломски истражувања од студенти „Калеидоскоп“, Факултет за образование, Универзитет во Кембриџ (истражување во прогрес).

Во периодот од 2010 до 2013 година, Николова е добитник на повеќе награди и почести за поезија и есеи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работната биографија, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката Афродита Николова не го исполнува условот од член 11 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, т.е. нема три години работно искуство или еден мандат како помлад лектор.

Со оглед на искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнати за време на нејзиното работење како асистент на Филолошкиот факултет (учебна 2008/2009 година), како и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата констатира дека м-р Весна Продановска ги исполнува сите суштински и законски критериуми, предвидени со Законот за високото образование, за избор во наставно-стручно звање *лектор* за наставно-научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, кандидатката м-р Весна Продановска да биде избрана за наставник во наставно-стручно звање лектор за наставно-научната област *англистика*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Марија Кусевска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Нина Даскаловска, член, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ивановска, член, с.р.**